# SUPERSCAPE ГО ПРЕТСТАВИ НАЈБРЗИОТ ИНТЕРАКТИВЕН 3-D VIEWER ЗА ИНТЕРНЕТ

World Wide Web-от доби трета димензија.

Веднаш достапен за бесплатно превземање од водечката компанија за развој на софтверски алатки за креирање интерактивни тродимензионални светови на персоналните компјутери е Superscape-овиот 3-D Viewer, првиот интерактивен 3-D Viewer кој ефективно ја демонстрира моќта на софтверот за виртуелна реалност на Интернет.

Superscape 3-D Viewer е потполно компатибилна додатна апликација за Netscape Navigator, најпопуларниот browser за навигација низ Интернет.

После бесплатното превземање од серверот на Superscape и инсталирањето на програмата на вашиот компјутер, корисниците веднаш можат да го разгледаат Super City, богата 3-D верзија на WWW страната на компанијата, која нуди и други виртуелни светови од други компании како Intel, Infoseek, Northern Telecom и Tandem Computers.

Super City, кој беше креиран со користење на VRT 4.0 алатките го демонстрира користењето на "интелигентни" објекти и акции - движење, ротирање, гравитација, тежина и звук - и прикажува реални апликации кои демонстрираат како технологијата ќе го промени бизнисот, образованието, комуникациите, анализата на податоци и забавата на Интернет.



Комбинацијата од брзината на Superscape 3-D Viewer-от и богатите, интерактивни виртуелни светови изградени со користење на алатките од Superscape, на корисниците на Интернет ќе им овозможи да се "прошетаат" во реално време низ најреалните и корисните виртуелни светови било кога развиени за персонални компјутери.

"Superscape 3-D Viewer-от им овозможува на PC корисниците да доживеат едно ново ниво на интерфејсот човек-машина." рече д-р Џон Чиплин шеф во одделот за VR.

Посетителите на Super City можат да ги гледаат и да работат со вистински бизнис апликации во виртуелната реалност. На пример, корисниците можат да видат како техничката поддршка може да се подигне на нови нивоа со "прошетување" низ тродимензионален модел на персонален компјутер, разгледувајќи ја работата на сите компоненти од сите агли и контролирајќи ја инсталацијата на графичка картичка во реално време.

Superscape 3-D Viewer-от моментално работи со Netscape Navigator на било кој компјутер со Интел-базиран процесор (минимумот е 486 процесор и било која Windows платформа, вклучувајќи Windows 3.1, Windows 95 или Windows NT. Superscape планира да развие верзии на програмата кои ќе работат со другите застапени Интернет browser-и како Microsoft Explorer. Во моментов, со Superscape 3-D Viewer-от можат да се гледаат само светови креирани во VRT пакетот на Superscape, но компанијата планира да ги поддржи и новите Internet 3-D стандарди кога тие ќе бидат развиени.

Корисни адреси:
**e-mail:** `mtemplem@superscape.com`
**URL:** `http://www.superscape.com`

E.O.T.

# HP ENTRIA X TERMINAL FAMILY




Продажба и сервис на комплетна HP програма:

- **Компјутерски системи**
  - деловни системи
  - графички работни станици
  - персонални компјутери (PC VECTRA)
  - принтери, плотери, скенери
- **Мерна опрема**
- **Медицинска опрема**
- **Аналитичка опрема**
- **Овластен сервис**
- **Гаранција**

HERMES PLUS

Овластен дистрибутер на Hewlett - Packard за Македонија

**ХЕРМЕС ПЛУС** д.о.о.

Компјутерски и мерни системи
„Осма ударна бригада“ 20а,
91000 Скопје, Македонија
тел. +389 91 11 75 77
факс +389 91 22 90 86

yes NetWare Tested and Approved

intel inside

HEWLETT PACKARD Authorized Distributor